

## ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА „ВО ЧЕСТ НА СВЕТИТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ОД Д-Р ВЕРА СТОЈЧЕВСКА – АНТИЌ И СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН

По повод празникот на светите браќа Кирил и Методиј и во 1982 година во Рим престојуваше делегација на Светиот архијерејски синод на Македонската православна црква, како и државната, односно културната делегација и се одржа манифестацијата „Југославија во чест на свети Кирил".

Црковната делегација која престојуваше од 19 до 27 мај, ја предводеше американско-канадскиот митрополит г. Кирил, а членови на делегацијата беа преспанско-битолскиот митрополит г. Петар и протојереј-ставрофор Методи Гогов, професорна Богословскиот факултет „*Св. Климент Охридски"* во Скопје.Југословенската делагација, пак, ја сочинуваа: Ерос Секви (СР Србија), Душко

Белиќ (САП Војводина) и Цветан Станоевски (СР Македонија).

Манифестацијата *„Југославија во чест на свети Кирил"* се одржа од 24 до 31 мај, чијашто програма ги имаше следните содржини: се одржа средба и разговори на група југословенски и италијански писатели на тема „*Југословенската и инталијанската литература денес*".

Учесници од СФРЈ беа Ерос Секви (СР Србија), Слободан Вујачиќ (СР Црна Гора), како и Слободан Мицковиќ и Веле Смилевски (СР Македонија), а од италијанска страна учествуваа Алдо Дејако, Марио Лунета, Фабио Добликер и други. Средбата се одржа во салата на Клубот на книжевниците „*Рема Кроче".*

Се одржа солистички концерт на пијанистот Владимир Крпан од СР Хрватска, а камерниот хор на Музичкиот центар на САП Војводина, во катедралата „ Света Ѕезе ин Агоне" настапи со југословенска програма. Во продолжение во салата „*Агика*" се изврши проекција на филмот „Бановиќ Страхиња" во режија на Ватрослав Мимица и се одржа кратка програма од три цртани филма на авторите Петар Глигоровски,  Дарко Марковиќ и Мирослав Грчев . Исто така, се одржа разговор на тема „*Југословенско-италијанската соработка во филмот и телевизијата".*

Во текот на престојот членовите на културната делегација беа при мени во Министерството за надворешни работи на Италија од генералниот директор на културната дирекција на Министерството, амбасадорот Серѓо Романо. Црковната делегација, пак , беше примена во Секретаријатот за единство на христијаните од заменик-секретар архиепископот Торела и советниците монсињорите Дипре и Вирвол.

Притоа митрополитот Кирил ги пренесе срдечните поздрави од новиот архиепископ охридски и македонски Неговото Блаженство г. Ангеларij, кој по упокоението на архиепископот г. Доситеј, минатата година беше избран за поглавар на МПЦ. Митрополитот г. Кирил од негово име и од името на членовите на Светиот архијерејски синод искажа искрена благодарност за братското разбирање во текот на сите овие години на поклонување и оддавање почит на македонскиот и сесловенскиот рамноапостол закрилник свети Кирил Солунски во Рим.

Тој искажа особена благодарност за овозможените прилики повеќемина постдипломски студенти од Македонија да ги прошират своите теолошки знаења на понтификалните теолошки институции и да се оспособат за научна работа во Богословијата и Богословскиот факултет на Македонската православна црква. Исто така, митрополитот Кирил ја истакна особената помош што во текот на изминативе години беше пружена од сега покојниот кардинал Фрањо Шепар.

Во програмата на црковната делегација влезе и посетата на словенечкиот колеџ „*Слове никум"*
на чиј влез на посетителот му паѓаат во очи врежаните зборови на мермерната плоча: „*Словенците ширум светот, благодарни за дарот на верата, по повод 1200 години од, покрстувањето на словенечкиот народ му го подаруваат Словеникум и во иднина да му го пази пламенот на верата и факелот на културата"*
.

Во овој колеџ работат десетина истакнати професори на понтификалните институти и дваесетина постдипломски студенти од Словенија. На приемот и ручекот, што по повод делегацијата на Македонската православна црква беше приреден од ректорот д-р Максимилијан Језерник, беа разменети здравици.

Исто така, црковната делегација присуствуваше и на литургијата во храмот на „*Русикум",*
а потоа го посети Словачкиот институт „
*Свети Кирили Методиј",*
каде беше пречекана од монсињор Франческо Шкода. Притоа, митрополитите Кирил и Петар зборуваа за значењето на рамноапостолското мисионерско дело на светите браќа Кирил и Методиј и нивните најистакнати и нај познати ученици и продолжувачи на нивното дело во Македонија, подвлекувајќи го особено значењето на Светиклиментовиот универзитет во Охрид за развојот на христијанството меѓу словенските народи.

Истиот ден, делегацијата го посети Ирскиот понтификален колеџ, каде се сретна со монсињор Шон и со ректорот на Институтот монсињор Ханли. Во разговорот монсињор Шон ја искажа радоста што во нивниот институт престојува поранешниот студент-постдипломец, сега преспанско-битолски архијереј митрополит г. Петар, покрај чиј живот и однесување даде непосредна можност тие да се запознаат со древните молитвени и монашки традиции на Македонската православна црква и со автентичниот примерен христијански живот на тој истакнат член од нејзината висока епархија.







**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**